ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

# ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР
# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 25 МАЈ 2022

ТОП ВЕСТИ:

- Делчево домаќин на централната прослава на Денот на македонската полиција
- Потпишан Договорот со МТСП за изградба на нова детска градинка во Делчево
- Делчевските матуранти ја прославија матурата
- Делчево ќе избира најубаво уреден двор

## Делчево домаќин на централната прослава на Денот на македонската полиција



**Потпишан Договорот со МТСП за изградба на нова детска градинка во Делчево**



**Делчевските матуранти ја прославија матурата**



**Делчево ќе избира најубаво уреден двор—Објавен Конкурсот за избор на најубаво уреден двор за 2022 година во Делчево**



ДЕЛЧЕВО

Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

# Одржана 9 Седница на Советот на Општина Делчево



Советот на Општина Делчево ја одржа 9 Седница на која се разгледуваа и се донесе Одлука по 10 точки од предложениот Дневен ред.
На Седницата, меѓу другото, советниците ја донесоа Одлуката за доделување стипендии на ученици прогласени за првенци на генерацијата во општинските училишта во учебната 2021/2022 година. Учениците ќе ја добиваат стипендијата 9 (девет) месеци во текот на учебната 2022-2023 во нето- износ 3,000,00 денари месечно за првенецот на генерацијата од СОУ „М.М.Брицо"-Делчево и по 2000,00 денари месечно за првенците на генерацијата од ООУ „Ванчо Прке" и ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево. Средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево.

Се донесоа и измените на Одлуката за одвојување средства за финансиско учество на Општина Делчево во имплементација на проекти од регионално значење, според која за реализација на проектот „Градски пазар во Делчево-отворен и затворен дел (II фаза)" со вкупен буџет од 24.143.187 денари без вклучен ДДВ или 28.488.960,54 денари со вклучен ДДВ, од Буџетот на Општина Делчево за 2022 година се издвојуваат 14.501.752,54 денари, додека 13.987.208,00 денари ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој, а по Програмата за рамномерен регионален развој за 2021-2022 година.
Советниците ја усвоија Одлуката за проширување на Буџетот која е по барање на буџетските корисници, а согласно со која се врши проширување на Буџетот на Општина Делчево во износ од 7.513.007 денари, заради искористување на средствата од пренесениот вишок на приходи од претходната година;
Советниците донесоа неколку одлуки од областа на урбанизамот, а разгледаа и неколку барања од граѓани.

Совет на Општина Делчево

# Потпишан Договорот со МТСП за изградба на нова детска градинка во Делчево



Во Делчево, министерката за труд и социјална политика Јована Тренчевска и градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, го потпишаа Договорот за изградба на новата детска градинка во Делчево. Градинката ќе се гради на локација во населбата Расадник, а нејзиниот капацитет е 150 дечиња.

Градоначалникот Трајковски, изрази благодарност до министерката Тренчевска и до МТСП затоа што ги препознаа потребите и излегоа пресрет на потребите на дечињата во Делчево. За Трајковски изградбата на градинката е посебно значајна, бидејќи станува збор за инвестиција во најмладите.

-Инвестираме во раниот детски развој, создаваме современи услови за згрижување и воспитување на дечињата, овозможуваме сите дечиња кои се на листата за чекање за прием во детската градинка, да влезат во воспитно-образовниот систем и да се подготвуваат за училишните клупи. Воедно, овозможуваме на младите родители згрижување на нивните дечиња, работа со нив по одредени планови и програми, но се создаваат услови и за нови вработувања, рече Трајковски.

Трајковски додаде дека изминатиов период посветено се работеше за да се оствари ова ветување пред граѓаните и да се изгради уште еден капитален проект кој ќе биде украс на градот и кој ќе сведочи за мотивираноста да се направи Делчево убаво место за живеење и да се одговори на потребите на сите категории граѓани.

За МТСП вложувањето во раниот детски развој е приоритет.

– За тоа потврдува бројката од 69 изградени градинки од 2017 година до денес и опфат на околу 4300 деца во предучилишно згрижување и воспитание. Истовремено, вложуваме во зајакнување на компетенциите на стручниот кадар во нив, нагласи министерката Тренчевска.

Вкупната вредност на проектот за изградба на новата детска градинка во Делчево е 50,6 милиони денари со ДДВ и за опремување дополнително уште 5,6 милиони денари. Општина Делчево учествува со околу 5% во изградбата.

Актуелности

# Реконструкција на критичниот дел на ул „Острец“

Актуелности



Во тек се градежните работи за реконструкција и проширување на критичната кривина на ул „Острец“ која е главна сообраќајница во населбата Трети реон во Делчево. Се гради потпорен ѕид во должина од околу 30 метри и висина до 2, 5 метри, по што согласно со планираниот проект, ќе следува проширување на коловозот и изградба на тротоар.

Со оваа интервенција ќе се подобри безбедноста на учесниците во сообраќајот, но ќе се обезбеди и соодветен пристап на противпожарни и амбулантски возила со што се одговара на приоритетите на жителите од населбата, но и на сите граѓани.

Реконструкцијата на оваа улица е дел од големиот инфраструктурен проект кој се реализира преку МТВ и Светска банка, вреден околу 800.000 евра. Во рамките на проектот, во првата фаза се реконструира и гради инфраструктура во должина од 6.1 км., односно завршена е реконструкцијата на две клучни сообраќајници во населбата Ново Делчево, „Скопска“ и „Орце Николов“, со вкупна должина од 750 м, а интензивно се работи и на изградба на патот Делчево-Трабroom Работивиште во должина од 5,3 км со што се добива уште една сообраќајница која овозможува полесен пристап до селата Трабroom Работивиште и Разловци, односно се гради уште една патна алтернатива за овие две села во Делчево.Градежните работи ги изведува фирмата БИТЕМ ДООЕЛ Скопје.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

www.delcevo.gov.mk

Актуелности

# Делчево домаќин на централната прослава по повод Денот на македонската полиција



Под мотото „МВР за граѓаните“ и промовирајќи го концептот „Полицијата во служба на граѓаните“, во Делчево се одржа централната прослава по повод Денот на македонската полиција, 7 Мај.

На свеченоста присуствуваа претседателот на Собранието на РСМ, Талат Џафери, министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски и други министри и претставници од Владата на РСМ, претставници од амбасадите во РСМ, директори на полициите од земјите од регионот,пензионирани припадници на МВР, семејства на загинатите припадници на МВР, пратеници во Собранието, претставници на други институции.

Министерот Спасовски додели плакети за успешно реализирани оперативни акции и најдобри постигнати резултати во МВР за 2021 година, а во своето обраќање по повод свеченоста меѓу другото истакна дека институциите постојат само и единствено во интерес на граѓаните, независно на нивните лични определби и ставови, воспоставени се модерни стандарди коишто целосно ќе ја реализираат клучната позиција на институцијата, а тоа е полиција – сервис на граѓаните на Република Северна Македонија.

Претседателот на Собранието Талат Џафери упати честитки по повод празникот и апелираше до сите припадници на МВР, да бидат првата врата на која ќе тропнат граѓаните, првиот број на кој ќе се јават секогаш кога ќе се почувствуваат беспомошни и небезбедни, затоа што е важно да се стекне и одржи високо довербата кај граѓаните.

Централната прослава и содржините спакувани во неа дадоа одлична можност и за дружење на граѓаните со припадниците од организациските единици на полицијата кое покрај забавниот има и едукативен карактер во врска со полициската професија, а во интерес на сите генерации.

Во градскиот парк во Делчево беше презентирана дел од опремата, ресурсите и вештините на припадниците на организациските единици на МВР, а најинтересниот дел беше за најмладите кои се дружеа најмногу со полицајците и имаа можност да се запознаат со изложената опрема и возила, додека повозрасните граѓани кои беа пристуни во градскиот парк се запознаа со потенцијалот и опремата што ја поседува македонската полиција.

Во културно-забавниот дел од прославата настапија фолклорните друштва од Делчево, „Копачка“, КУД „Гоце Делчев“, ФГ при НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“, како и пејачката група „Ѓурѓа”. На сцената, гимназијалката Сандра Марковска, која е првонаградена на литературниот конкурс со наслов „Безбедно детство“, ја прочита својата наградена творба. Свеченоста се заокружи со концерт на познатите македонски естрадни уметници Дац и Александар.

# Во Делчево се изработува Извештај и препораки за реставрација на шумите по ланските пожари

Актуелности



Во Делчево се одржа првата работилница на која беше презентиран Нацрт-извештајот за статусот на шумата зафатена од пожари во регионот на Малешевија и Пијанец во 2021 г, изработен од експертски тимови од Македонија и Швајцарија во рамките на Програмата за зачувување на природата со поддршка на Швајцарската развојна агенција и Фармахем. На настанот присуствуваше градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, како и претставници од МЗШВ, ЈП Национални шуми, претставници на институции и невладин сектор.

Целта на работилницата е да се даде импут во националниот план и активностите кои треба да се преземат за ревитализација на подрачјето со мерки кои ќе бидат соодветни, односно нема да бидат подложни на појава на вакви пожари.

Градоначалникот Трајковски истакна дека изработката на овој документ е доста значајна, бидејќи ќе помогне на институциите во идните мерки за реставрација на шумата.

– Говорејќи од денешен аспект, јас цврсто стојам на гледиштето дека кога е заштитата на шумите во прашање мора да имаме крајно сериозен и одговорен пристап, максимално сите надлежни институции да се посветат на превенцијата и на подигање на свеста кај населението за значењето на шумите, но ја нагласувам и потребата од измени во законската регулатива и максимално да се зголеми казната за сите неодговорни поединци, но, сметам, исто така, дека треба да се интервенира и во делот- целата изгорена дрвна маса единствено да се даде на располагање на ЈП Национални шуми, а не на приватни корисници, истакна Трајковски.

Раководителот на Секторот за шумарство при МЗШВ, Саша Јовановиќ, посочи дека МЗШВ дава поддршка на изработката на овој документ.

– Имајќи предвид дека шумските пожари се општа опасност за чиешто спречување сите сме заинтересирани, изразувам задоволство што денес заедно со поголем број претставници од институциите можеме да дискутираме на оваа тема и на кој начин и што поскоро да се реставрира шумата. Секторот за шумарство е отворен за соработка со сите заинтересирани субјекти, нагласи Јовановиќ.

Втората работилница на која ќе се финализира Извештајот и препораките за реставрација на шумите ќе одржи на крајот на месец јуни.

Актуелности

## Кампања „Да научиме да се заштитиме од пожари“



Во Делчево се реализираше Кампањата „Да се научиме како да ги заштитиме шумите од пожари”. Кампањата е дел од активностите на Дирекцијата за заштита и спасување во соработка со Општина Делчево, а целта е да се подигне свеста кај населението за намалување на заканите од шумски пожари.

Кампањата се спроведува преку презентации и распределување промотивни материјали за подготвеност, заштита и спасување од пожари.

Таргет на оваа кампања се граѓаните, а освен вработените на ДЗС во активноста учествуваа вработени на ТППЕ Делчево и претставници на ЕЛС Делчево.

## Работна средба во рамките на проектот на УСАИД за искористување на ресурсите



Директорката на тимот на Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите, Гинка Капитанова и раководителката на компонентата за децентрализација, Љубица Патлицанковска, оствариja работна средба со градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски. На средбата, која е прва во рамките на проектот, присуствуваа и претставници од општинската администрација кои го сочинуваат општинскиот тим за самооценување.

Процесот на самооценување се спроведува на почетокот на проектот и претставува појдовна точка за дизајнирање на техничката помош прилагодена на потребите на Општина Делчево. Алатката за самооценување им помага на општинските тимови за идентификација на предностите и слабостите и можностите за подобрување.

Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите е петгодишен, а им помага на владините институции и општините во земјава да ги соберат и самостојно да управуваат со ресурсите потребни за финансирање на услугите што ги бараат нејзините граѓани.

Минатиот месец градоначалникот Трајковски го потпиша Меморандумот за соработка, со што Општина Делчево стана една од 24-те нови партнер општини на Проектот на УСАИД.

Актуелности

## Започна кампањата „Мојот данок за мојата општина“




Општина Делчево како партнер-општина на Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите се приклучува кон кампањата „Мојот данок, за мојата општина!“

Едукативната кампања „ Мојот данок, за мојата општина! “има за цел да ја информира јавноста дека плаќањето данок на имот е **должност** на секој граѓанин-даночен обврзник, но во исто време и **придонес** на поединецот за градење на подобра иднина на општината.

Доколку поседувате имот во одредена општина, тогаш автоматски сте даночни обврзници со законско право на даночно решение за вашиот имот, но, и законска обврска и лична должност за навремено подмирување на данокот.

Секој граѓанин-даночен обврзник треба да знае дека со навремено подмирување на данокот на имот, го полни директно општинскиот буџет, преку кој се реализираат сите планирани јавни и инфраструктурни проекти. Со ова, едноставно кажано, секој од нас лично придонесува за развојот на општината која во иднина ќе ја красат: нови градинки, нови игралишта, нови улици, нови училишта, ново осветлување, нови паркови, еколошки проекти, нови проекти за економски развој.

Оваа кампања оттаму, цели и да придонесе кон навремено и прецизно информирање на даночните обврзници за сите права и обврски, како и правата и обврските на општината поврзани со данокот на имот.

ДЕЛ ЧЕВО

ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

Актуелности

# Тактичко-показна вежба и промоција на опрема- Одбележан Денот на македонските пожарникари



Со успешно спроведена тактичко- показна вежба- симулација на автомобилска несреќа и извлекување повредено лице од автомобил, како и гасење пожар на запалено возило, но и презентација на новите возила и опрема во Делчево е одбележан Денот на македонските пожарникари, 20 мај.

По дојавата за автомобилска несреќа на една од најфреквентните крстосници во центарот на Делчево, интервенцијата на екипите од ТППЕ Делчево беше брза и ефикасна со што уште еднаш на дело се покажа стручноста и ефикасноста на делчевските пожарникари.

Овие вежби се редовна практика на ТППЕ Делчево се изведуваат со цел да се види физичката и психичката подготвеност на пожарниците во услови на вистинска појава на пожар во објектите, при автомобилски несреќи, но и да се провери исправноста на опремата, истакна Миле Тодоровски пожарникар од Делчево.

Градоначалникот Горан Трајковски кој присуствуваше на оваа симулациска вежба изрази задоволство од подготвеноста на пожарникарите за справување со пожарите и на објекти, но и на отворен простор. Честитајќи го празникот на пожарникарите, тој ја додели и традиционалната награда на најдобриот делчевски пожарникар за оваа година, Горан Гоцевски.

– Посебно сум горд што како локална власт, успеавме изминатиот период на стручноста на пожарникарите, да додадеме и дополнителна вредност- нова опрема и нови возила. Нашите ветувања се оствари ја. Јавноста знае дека по половина век, за прв пат, ТППЕ Делчево минатата година доби ново противпожарно возило, а по пат на донација од наши пријатели од Словенија се набавени уште две противпожарни возила и опрема. Перманентно инвестиравме за да ја подобриме опременоста на единицата, но и условите за престој на пожарникарите. Обезбедивме опрема за лична заштита на пожарникарите и ,она што е посебно важно, ги решававме наталожените проблеми, рече Трајковски.

Воедно, денеска градоначалникот Трајковски за прв пат додели и Плакета за општествена одговорност на делчевската фирма „Брегал“ за општествена одговорност и континуирана соработка и поддршка на ТППЕ Делчево и на Општина Делчево.

Сопственикот на фирмата „Брегал“, Драган Сугарев, изрази благодарност и апелираше до сите компании во Делчево да покажуваат хуманост и да си го сакаат својот град, бидејќи граѓаните и Делчево го заслужуваат тоа.

Пожарникарството во Делчево испишува историја од 7– децениско функционирање. Првото доброволно противпожарно друштво е формирано од делчевецот Илија Дамјанов Крстевски во 50-тите години, по што е формирана првата единица на чело со командирот Никола Димитровски.

# Делчево и Разловци одбележаа 146 години од Разловечкото востание

Актуелности




Со пригодна свеченост традиционално организирана во дворот на црквата „Св. цар Константин и царица Елена“ во селото Разловци, се одбележаа 146 години од Разловечкото востание, прво вооружено востание со кое отпочнува бурниот Предилинденски период за слободна и самостојна држава.

Програмата започна со пригоден реферат посветен на историските моменти и значењето на Востанието подготвен од членовите на КУД „Гоце Делчев“, додека делегација од Општина Делчево, претставници од Советот на Општина Делчево, политички партии, здруженија на граѓани, положија свежо цвеќе и се поклонија пред спомен-обележјето на поп Стојан, еден од организаторите на Востанието.

Градоначалникот Трајковски по повод годишнината од Востанието истакна дека Делчево гордо и достоинствено се поклонува и оддава почит на ликот и делото на храбрите разловечки востаници кои се симбол на непокорот и кои го започнаа бурниот предилинденски период во македонската историја.

Трајковски додаде дека изминатиов период се реализирани клучни проекти кои значат подобар квалитет на животот на жителите на Делчево и на најодалеченото село во делчевската општина.

Во рамките на културно-уметничката програма настапија ученици од ПУ „Св.Климент Охридски“ од с. Разловци, како и КУД „Гоце Делчев“, ФГ НУЦК „Никола Јонкова Вапцаров“ и ФГ „Копачка.

Настанот беше во организација на Општина Делчево и НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ со поддршка на Министерството за култура.





Актуелности

# Делчево во чест на светите браќа Кирил и Методиј




Животот, делото и значајната улога во развојот на словенската писменост на светите браќа Кирил и Методиј, беше тема на видеоматеријалот подготвен од ЈЛБ „Илинден“ и ученици од СОУ „М.М.Брицо“, а промовиран во рамките на настаните организирани по повод традиционалната манифестација посветена на светите браќа Кирил и Методиј кои се и патрони на градот Делчево.

Директорката на ЈЛБ „Илинден“, Билјана Петровска зборувајќи за идејата за подготовка на перформансот потенцираше дека учениците од СОУ „М.М.Брицо“ успеаја да го доловат ексклузивното значење на дејноста на словенските просветители.

– Посебно радува фактот што овие млади делчевци, како гласноговорници на својата генерација, со својот труд дадоа несебичен придонес уште еднаш да се потсетиме и да го нагласиме значењето на сесловенските просветители. Изразувам благодарност до Магдалена Георгиевска, Ива Ивановска, Андреа Димитровска, Теодора Тодоровска, Симона Ќурчиска, Александра Попова кои се вложија во овој перформанс, рече Петровска.

Во рамките на одбележувањата беше отворена и изложбата од 25-та по ред Меѓународна ликовна колонија „Кавадарци- Михајлово 2021“ на која беа изложени дела од дваесетина автори од земјава и странство. Љубителите на ликовната уметност во Делчево ќе имаат можност да се запознаат со делата од Меѓународната ликовна колонија, каде учество зедоа ликовни уметници од земјава, но и од Турција, Бугарија, Србија, и други. Изложбата е во организација на НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ и Домот на културата „Иван Мазов- Климе“ од Кавадарци.

Инаку, празнувањето на светите браќа Кирил и Методиј продолжи со Светата архиерејска литургија и традиционалната Литија од црквата „Св.Наум“ до параклисот „Св.Климент Охридски“ во дворот на СОУ „М.М.Брицо“, а се одржа и концерт на дуото „Дуо Скупи“- македонски звуци на флејта и виолина, настан финансиски поддржан од Министерство за култура на РСМ.

Актуелности

# Делчево го одбележа Денот на Европа и Денот на победата над фашизмот



По повод 77 години од победата над фашизмот и 72 години од Денот на Европа, во Делчево се одржа пригодна свеченост. Пред споменикот на паднатите борци во центарот на градот, членовите на КУД „Гоце Делчев“ подготвија пригоден реферат за НОБ во Македонија и победата над фашизмот, како и реферат за 9 Мај, датум кога Европа го одбележува својот ден како европски симбол.

Во рамките на одбележувањето, пред споменикот на паднатите борци се поклонија и свежо цвеќе положија делегација од Општина Делчево, делегација од Советот на Општина Делчево, претставници од институции, политички партии и здруженија на граѓани.

# Одбележана годишнина од убиството на Гоце Делчев

Со пригодна свеченост, Општина Делчево одбележа 119 години од убиството на македонскиот револуционер и патрон на градот, Гоце Делчев, кој на денешен ден во 1903 беше убиен од турската војска во селото Баница.

По тој повод, пред споменикот на револуционерот во центарот на градот се поклонија и свежо цвеќе положија делегација од Општина Делчево, Советот на Општина Делчево, како и претставници на политички партии, институции и здруженија на граѓани. Во рамките на одбележувањето, членовите на КУД „Гоце Делчев“ прочитаа реферат за животот и делото на Делчев.





# Одбрани десетте најдобри матуранти во СОУ „М.М.Брицо“

Актуелности



Матеја Златкова, ученичка од 4-2 клас во СОУ „М.М.Брицо“, е прогласена за првенец на генерацијата од завршните класови. Ова е одлуката на Комисијата составена од професори од училиштето која ценејќи ги постигнатите резултати и успех во досегашното образование, го одбра првенецот на генерацијата од завршните класови, како и најдобрите 10 матуранти кои ќе добијат наградно патувањето низ Европа, награда која традиционално ја доделува Општина Делчево на 10-те најдобри матуранти во СОУ „М.М.Брицо“.

По претходно спроведена постапка, критериуми, утврдени во Правилникот за истакнување , пофалување и наградување на ученици од страна на Комисијата формирана за таа цел во СОУ „М.М.Брицо“ беа избрани следните ученици:

1. Матеја Златкова ученичка во 4-2 клас
2. Антониј Цонев, ученик во 4-1 клас
3. Марија Мишева, ученичка во 4-1 клас
4. Анастасија Ангелова, ученичка во 4-1 клас
5. Матеа Спасевска, ученичка во 4-1
6. Ели Енѓовска, ученичка во 4-1
7. Марија Петровска, ученичка во 4-2 клас
8. Теодора Лазаревска, ученичка во 4-5
9. Теодора Богдановска, ученичка во 4-1 клас
10. Христијан Симоновски, ученик во 4-1 клас

Инаку,генерацијата матуранти 2018-2022 е 61 генерација матуранти од делчевската гимназија која брои 102 ученици.

Актуелности

# Делчевските матуранти ја прославија матурата




Генерацијата матуранти 2018/2022 од делчевската гимназија СОУ„М.М.Брицо“ ја прославија својата матура. По пауза од две години поради пандемијата, матурантите ја вратија традицијата и пред почетокот на матурската забава, се одржа дефилето на матурантите низ улиците во центарот на градот.

Дефилето на матурантите го проследија голем број граѓани кои заедно со нив се радуваа на генерацијата која чекори во иднината исполнета со многу соништа и амбиции.

Претседателот на Советот на Општина Делчево, Гоце Попов, на најдобрите 10 матуранти од СОУ „М.М.Брицо“ им ги додели наградите во вид на наградно патување низ Европа, а во своето обраќање пред матурантите, Попов, истакна дека доделувањето на оваа награда е со цел да се поттикнат учениците да постигнуваат одлични резултати во текот на нивното школување.

Градоначалникот Трајковски во честитката упатена до матуранти потенцираше дека матурантите ја имаат моќта и можноста да го менуваат светот на подобро.

– Не заборавите дека овој наш град ги остава отворени вратите за вас, по вашето студирање, патување или прошетките низ светот, запаметете дека сакаме во Делчево да ја градите вашата иднина, порача Трајковски.

ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

Актуелности

# Стипендии за делчевски студенти на Униврзитетот за туризам и менаџмент во Скопје




Делегација од Универзитетот за туризам и менаџмент – Скопје, предводена од ректорот, д-р Аце Миленковски, оствари работна средба со градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски на која беше потпишан Меморандум за соработка, во интерес на развој на туризмот, образованието и науката.

Потпишувањето на овој Меморандум, означува почеток на меѓусебната соработка помеѓу овие две институции, во насока на партнерство при аплицирање проекти, организација на настани од заеднички интерес, подобрување на капацитетите на вработените во Општината и целосна поддршка на Општина Делчево во насока на развој на туризмот, науката и образованието.

Воедно, на Општината се доделени 15 стипендии за упис на додипломски студии во академската 2022/23 година, за четиригодишни студии, со целосно покриени трошоци за студирање на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, кој ги нуди следниве студии : економски факултет, факултет за туризам, меѓународен маркетинг, човечки ресурси , информатика и претприемништво. Условите и критериумите под кои општината ќе ги додели овие стипендии, дополнително на транспарентен начин ќе бидат утврдени.

ДЕЛ ЧЕВО
ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

Актуелности

# Одбележан патрониот празник на ООУ „Ванчо Прке“



ООУ „Ванчо Прке”, го прослави патронот на училиштето одбележувајќи јубилејни 50 години постоење.
Во рамките на одбележувањето беа организирани спортски натпревари, како и свечена културно-уметничка програмана која учествуваа учениците до деветто одделение.
За директорот Горан Велков, успехот и резултатите од работата на едно училиште се мери со успехот на учениците, нивните лични и професионални достигнувања во животот.
-Последниве години успеавме да инвестираме во подобрување на условите за престој и работа во училиштето, да создадеме современи услови за работа, да ги следиме новите трендови во наставниот процес и преку проекти да развиваме пријателства, со што се учиме на соработка, размена на искуства и на почитување на различностите. Денес со гордост можам да кажам дека ООУ „Ванчо Прке“ е современо училиште, каде што работи посветен наставен кадар и се создаваат и градат новите генерации на Делчево, рече Велков.

ДЕЛ ЧЕВО
ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

# Триесет садници за 30 години Царинска управа





По повод 30 години од осамостојувањето на Царинската управа на Република Северна Македонија, денеска на Царинската испостава на Граничниот премин Делчево беа засадени 30 садници. Засадувањето на садниците е една од активностите кои се планираат за достојно одбележување на јубилејот на Царинската управа.

Во акцијата, освен претставници од Царинската управа и Граничната полиција на Граничниот премин Делчево, и нивните колеги од царинските служби во соседна Бугарија, учество зеде и градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски и претставници од ТППЕ Делчево.

Градоначалникот Трајковски испрати честитки по повод јубилејот.

– Во пресрет на одбележувањето на Денот на македонската царина, 14 Април, испраќам честитки по повод празникот и воедно, би истакнал дека улогата на Царинската испостава на Граничниот премин Делчево, за нас делчевци и за развојот на економијата на самиот град, како погранично место, е круцијално. Граничниот премин е отворена врата за влез и за излез од државата, што подразбира брз, но и безбеден проток на стоки, слободен и контролиран премин на граѓани, што недвосмислено го прави нашиот град интересна транзитна точка, но е од големо значење и за фирмите од Делчево и воопшто, од регионот, нагласи Трајковски.

Управникот на Царинарница Штип, Иван Спасевски, потенцираше дека по повод јубилејот, Царинската управа ќе организира низа активности и акции.

До 1991 година царинската служба делуваше во рамките на поранешна СФРЈ. По осамостојувањето, Собранието на 14 април 1992 година го усвои Царинскиот закон со кој е основана Царинската управа на Република Северна Македонија која од тој момент го стекна суверенитетот и контролата на целото царинско подрачје на Република Северна Македонија.

Овој ден – 14 април, секоја година се прославува како **Ден на царината**.

Актуелности

# Уредете ги дворовите- ќе се избира најубаво уреден двор



Во рамките на кампањата „Заедно до поубаво Делчево“, Општина Делчево и оваа година ќе избира најубаво уреден двор.Водејќи се од мотото дека секој индивидуалец или институција и фирма кои со својот труд и креација за уредување на дворните површини придонесуваат за поубаво Делчево, Општина Делчево објавува Конкурс за избор на најубаво уреден двор во Делчево.

Целта на оваа акција е сите заедно да придонесеме за поубаво Делчево, но и како Општина сакаме да ги наградиме граѓаните и фирмите за својата улога во разубавувањето на градот, а од друга страна и да ги мотивираме сите граѓани на Делчево да дадат свој придонес за негово разубавување.

На Јавниот конкурс кој е објавен на веб-страницата на Општина Делчево, ќе можат да се пријават сите граѓани кои ценат дека нивното дворно уредување заслужува внимание, но и сите граѓани кои се воодушевуваат на дворот на пријател или сосед, да го пријават за учество во изборот за најубаво уреден двор во Делчево. Конкурсот ќе биде отворен до 1 јули оваа година, период кој сметаме дека е доволен за заинтересираните граѓани да ги направат потребните подготовки и да ги уредат дворовите.

Пријавата може да се достави до Архивата на Општина Делчево, или да се симне од веб-страницата delcevo.gov.mk и електронски да се испрати на е-маил info@delcevo.gov.mk.

Комисијата формирана од стручни лица ќе ги посети пријавените дворови и ќе го оценува уредувањето на дворните површини.

За сопствениците за најдобро уредени дворови, Општина Делчево има обезбедено награди во категориите:

1. Индивидуално домување– прва, втора и трета награда;
2. Колективно домување и правни лица.

# Промоција на „Номадски автор“ од роднокрајната авторка Николинка Митрева

Култура



Роднокрајното одделение во делчевската библиотека „Илинден” е збогатено со делото „Номадски бакнежи” од авторката-поетеса Николинка Митрева. За директорката Биљана Петровска секогаш кога роднокрајното одделение на библиотеката ќе се закити со ново дело , задоволството е огромно.

-Поетесата Николинка Митрева е една помеѓу најнадежните млади поетеси која смело и енергично,како сосема зрела личност, чекори по љубовните петеки, наречени „Номатски бакнежи“составени од 7 поглавја.Живо, сентиментално,емоционално, интелектуално, опишано со огромна љубов и занес,тоа ќе го почувствувате во секој нејзин напишан стих, рече Петровска.

Николинка е студентка на ПМФ-медицинска физика.

-Стихозбирката „Номадски бакнежи” за мене претставува портал кон љубовната димензија што сите ја носиме во себеси. Секој индивидуално може да ја спознае, па така и моето сè уште младо и недовајано поетско око, се обиде да ја преведе и преточи во поезија.Емоционалните загатки со кои се соочуваме во животот ни претставуваат голем предизвик во кој се трудиме да најдеме баланс и да коегзистираме со нив, па затоа се надевам дека моите читатели ќе пронајдат дел од своите гласови во пишаните зборови, истакна поетесата Митрева.

„Номадски бакнежи“ е поделена на седум планети(поглавја) кои покрај сопствената оска на ротација, заедно ротираат околу зборот љубов. Пред секоја планета е поставена една шарена мапа (дигитален колаж) во која е сошиен светот кој живее во нејзините граници.

Култура

# Делчевски фолклор на сцената во Витина, Косово



На покана на Фолклорната група „Кемајл Азизи“ од Витина, Косово, делчевките играорци од НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ зедоа учество на Меѓународниот фолклорен фестивал „N'Karadak Krisin Tupanat"во градот Витина.

Триесетината членови на НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ имаа два настапи со две кореографски поставки.

-Играорците во најдобро светло го претставија делчевскиот и македонскиот фолклор. Слободно можам да кажам дека сум горд на нашите играорци. Тие се вистински професионалци кои гордо ја претставуваат нашата држава и општина и се рамо до рамо со сите професионални културно-уметнички друштва и во земјава и во странство, рече Кристијан Трајановски, раководител на ФГ.

На Фестивалот, покрај македонските претставници, учествуваа фолклорни групи и ансамбли од Црна Гора, Бугарија, Косово.

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

## Општина Делчево

Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk

**Издава: Општина Делчево**
**Уредник: Даниела Такева**
**Техничка обработка: Влатко Мицевски**
**Соработник: Благица Петровска**
**Фотографија: Општина Делчево**
**Лектор: Даниела Такева**

**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**